


# СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДАТОЦИ

**Локација:** Скопје

**Работно време:** Полно работно време

**Сектор:** Финансии

**Оддел:** Служба за Регулаторно и групациско известување и управување со податоци

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**обезбедена обука за работа**

**континуирана обука и можност за кариерен развој**

**приватно здравствено осигурување**

**конкурентна плата и надоместоци**

**мотивирачка организациска култура**

**активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Координација и спроведување на активностите во врска со управувањето со квалитетот на податоците во Банката;

Комуникација со сопствениците на податоци во врска со унапредување и подобрување на квалитетот на податоците во Банката;

Комуникација со сопствениците на податоци за отстранување на недостатоци во податоците во насока на подобрување на квалитетот на податоците во Банката;

Активно учество во процесот на испорака на податоци за Спринг (BITA и BRITA) и сите идни надградби во понови верзии;

Комуникација со Групата за отстранување на недостатоци во процесот на испората на податоците преку Спринг (BITA/BRITA испорака на податоци);

Управување и имплементација на DQ (Data Quality – квалитет на податоци) стандардите, методи, процеси и алатки.

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет;

Најмалку 1-3 годишно работно искуство во банкарска институција или друга финансиска организација, а повеќегодишно искуство ќе се смета за предност;

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Активно познавање на работа со компјутери (MS Office);

Високо ниво на познавање на банкарското работење и процесите во банка, законските регулативи и добро познавање на меѓународните (ИФРС) стандарди;

Организациски способности, комуникациски вештини, лојалност, тимска работа, одговорност, способност за презентација на статистички податоци, аналитички вештини, самоиницијатива и предлагање решенија, креативност.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **25.09.2024** година со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДАТОЦИ “**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината #кариераБезБариера**